**Година 2005, октомври , број 43**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

На 3.10.2004, со почеток во $10^{00}$ часот на МФС се оддржа првиот свечен час. На свеченоста учествуваа заменик министерот за образование и наука, г-дин Тале Герамитчиоски, проректорот на УКИМ, проф. д-р Борис Крстев и директорот на УСАИД, Дик Голдман.



Бруцошите ги поздрави Деканот и им посака успешни студентски денови. На свеченоста беа доделени наградите за најдобро рангираните студенти на уписот. Тие добија стипендија од Претседателот на Р.М. Истотака беа наградени и студентите кои ја завршиле првата година со најдобар успех. Свечениот час беше медиумски покриен со присуство на новинарски и ТВ екипи од неколку телевизии.

## ЕКСПЕРТ НА UNIDO

UNIDO (United Nation Industrial Development Organization) го номинираше проф. д-р Ристо Цицонков за меѓународен експерт за проекти во полето на ладилната техника и климатизацијата, а во врска со заштитата на озонската обвивка. Тој минатите месеци учествуваше во подготовка на демонстрационен проект за замена на CFC (фреонските) турбокомпресорски ладилни машини за климатизација во Хрватска, СЦГ, Македонија и Рома-нија. За таа цел беа посетени објектите на Романската РТВ.

## НОВИ ИНИЦИЈАТИВИ

МФС во соработка со МАЦЕФ, започна обука од областа на енергет-ската ефикасност. Обуката во форма на проекти ја иницира проф. д-р Константин Димитров врз база на претходни контакти на МАЦЕФ и Норвешката влада.

Првиот проект се однесува на обука на кадри од техничките науки во областа на Енергетската контрола на зградите со примена на посебен софтвер добиен

како донација. Во проектот се вклучени МФС, МАЦЕФ, Архитектонски и Градежен факултет и Министерството за локална самоуправа.

Вториот проект се однесува на обуката на локалната самоуправа во правењето на енергетски биланси на ниво на општина, предвидување на мерки за енергетска ефикасност, изработка на сопствени ЛЕАПи. Во проектот се вклучени 4 општини и тој е поделена во три циклуси.



МФС и МАЦЕФ опремија просторија за потребите на обуката. Таа веќе се користи и од студентите во процесот на настава.

## НАТО АПЛИКАЦИЈА

На покана на НАТО програмата Science for Peace на 11.10.2005 вон. проф. д-р Атанаско Тунески и проф. д-р George Balafoutas од Aristotle University од Солун, Грција извршија презентација на деталниот план на проектот MIRVAX (Monitoring and Improving the Rivers in the Vardar / Axios Watershed). Конечната одлука на НАТО за одобрување на проектот се очекува да биде донесена до крајот на 2005.

## АКТИВНОСТ НА ТЕРМИЧАРИТЕ

Друштвото на термичарите на РМ во рамките на Словенечко-Македонскиот проект "Research of district cooling in different climatic conditions - Second phase" на ден 21.20.2005 одржа втора седница. На неа беа презентирани искуства од Словенија од страна на проф. д-р Алојз Поредош, професор на Машински факултет во Љубљана и претсе-дател на SDDE (Словенечко друштво за далечинска енергетика).

## СЕМИНАР

Во рамки на активностите на ЦИРКО-МЕС од 24 до 28.10.2005 се одр-жува семинар со предавачи од Словенија и Австрија, на тема: "Подобрување на маркетиншките активности на македонските алатници за настап на пазарот во Словенија и Австрија".

## ДОКТОРСКИ И МАГИСТЕРСКИ

1. Асс. м-р Дарко Данев, успешно ја одбрани докторска дисертација на ден 04.10.2005.
2. М-р Драге Петрески, асистент на Воената академија, успешно ја одбрани докторска дисетација на ден 05.10.2005.

3. Дипл. инж. Крсте Вељаноски успешно го одбрани магистерски труд на ден 30.09.2005.

4. Дипл. инж. Огнен Димитров, успешно го одбрани магистерски труд на ден 04.10.2005.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## О Т С У С Т В А

1. Асс. м-р Ана Лазаревска, од 15 до 19.09.2005, учествуваше со сопствен труд на семинарот за "Поврзување на проектно-базираните механизми на протоколот од Кјото со шемата за трговија на емисии на ЕУ", во Виена, Австрија.

2. Асс.м-р Виктор Гаврилоски, на 26 и 27.09.2005 реализира посета на Техничкиот универзитет во Софија.

3. Проф. д-р Тодор Кралев, на 16 и 17.09.2005 учествуваше на научната конференција: "Образование, наука, економија и технологија во глобалниот свет", Бургас, Р. Бугарија.

4. Проф. д-р Татјана Кандикјан, од 02 до 08.10.2005, зеде учество на првата работна средба на партнерите во прифатениот заеднички меѓународен проект: ДААД-Посебна програма "Академска обнова на Југоисточна Европа" на Техничкиот факултет во Софија, Р.Бугарија.

5. Проф. д-р Томислав Златановски, од 03 до 10.10.2005, учествуваше на првата работна средба на партнерите во прифатениот заеднички меѓународен проект: ДААД - Посебна програма "Академска обнова на Југоисточна Европа". која се одржа на Техничкиот факултет во Софија.

6. Доц. д-р Валентина Гечевска од 04 до 09.10.2005 оствари работна посета во рамките на билатерален проект на Машинскиот факултет во Марибор, Словенија.

7. Проф. д-р Гаврило Гаврилоски, на 06.10.2005 реализира службено патување во СЦГ со цел давање техничко решение за санација на носечка конструкција на котел во ТЕ"Косово", Приштина-Обилиќ, СЦГ.

8. Проф. д-р Марко Серафимов, во период од 8 до 14.10.2005 во својство на предавач учествуваше на Меѓународната школа за компјутерско инженерство за земјите од југоисточна Европа која се одржа во Ниш и Копаоник, СЦГ.

9. Проф. д-р Драги Данев, од 27.09 до 01.10.2005 реализира посета на "Текос" Цеље, Словенија и ТИФ во Минхен, Германија.

10. Проф. д-р Милан Ќосевски, во период од 27.09 до 02.10.2005 оствари посета на Центарот за регионален развој во Цеље, Словенија, Машинскиот факултет во Марибор, Словенија, Регенсбург (Bayhost) и ТИФ во Минхен, Германија.

11. Доц. д-р Јасмина Чалоска, во период од 07 до 11.10.2005 реализираше студиски престој на Техничкиот Универзитет во Будимпешта, Унгарија.

12. Доц. д-р Атанас Кочов, во период од 18 до 20.10.2005 како преставник на Центарот за напредни инженерски технилогии при ЦИРКО присуствуваше на Македонскиот бизнис форум заради остварување контакти со фирми заинтересирани за соработка, кој се одржа во Цирих, Швајцарија.

13. Проф. д-р Милан Ќосевски, во период од 23 до 25.10.2005 на покана од Ректорот на Техничкиот универзитет во Софија, проф. д-р Камен Веселинов, учеству-ваше на свеченостите по повод прославата на 60-тата годишнина од основањето на Универзитетот.

14. Проф. д-р Марко Серафимов, учествуваше во улога на предавач во работата на  Меѓународната школа за компјутерско проектирање за земјите од југоисточна Европа, која ќе одржа од 25-30.10.2005 во Пампорово, Р.Бугарија. Во работата на школата учествуваат и асс. д-р Ристо Филкоски и асс. м-р Драган Битраковски.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**27.10.2005**
**12 СЕДНИЦА НА  ННС**

**24.11.2005**
**13 СЕДНИЦА НА  ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

### Техничко уредување:

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*